**20151474155**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ШУМИТЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за шумите,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 21 август 2015 година.

Бр. 08-3675/1
21 август 2015 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ШУМИТЕ

Член 1

Во Законот за шумите („Службен весник на Република Македонија” број 64/2009, 24/11, 53/11, 25/13, 79/13, 147/13, 43/14, 160/14, 33/15 и 44/15), во членот 99-а ставот (3) се брише.

Член 2

Во членот 101 став (1) во воведната реченица зборовите: „25.000 до“ се бришат.

Ставот (2) се менува и гласи:

„Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице ќе му се изрече и на одговорното лице во правно лице за прекршокците од ставот (1) на овој член “.

Во ставот (3) зборовите: „износ од 8.000 до 12.000 евра во денарска противвредност“ се заменуваат со зборовите: „ двоен износ на глобата од ставот (1) на овој член“.

Ставот (4) се менува и гласи:

„Покрај изречената глоба на одговорното лице во правното лице ќе му се изрече прекршочна санкција забрана на вршење на должност во траење до 30 дена“

Член 3

Во член 102 став (1)во воведната реченица зборовите :“15000 до“ се бришат.

Ставот (2) се менува и гласи:

„Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице ќе му се изрече и на одговорното лице во правно лице за прекршокците од ставот (1) на овој член“.

Во ставот (3) зборовите: „износ од 6.000 до 10.000 евра во денарска противвредност“ се заменуваат со зборовите: „двоен износ на глобата од ставот (1) на овој член“.

Ставот (4) се менува и гласи:



www.pravdiko.mk

„Покрај изречената глоба на одговорното лице во правното лице ќе му се изрече прекршочна санкција забрана на вршење на должност во траење до 30 дена“.

Член 4

Во член 103 во ставот (1)во воведната реченица зборовите: „12.000 до“ се бришат.

Ставот (2) се менува и гласи:

„Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице ќе му се изрече и на одговорното лице во правно лице за прекршокците од ставот (1) на овој член“.

Во ставот (3) зборовите: „износ од 5.000 до 7.000 евра во денарска противвредност“ се заменуваат со зборовите: „двоен износ на глобата од ставот (1) на овој член“.

Ставот (4) се менува и гласи:

„Покрај изречената глоба на одговорното лице во правното лице ќе му се изрече прекршочна санкција забрана на вршење на должност во траење до 30 дена“.

Член 5

По членот 106 се додава нов член 106-а кој гласи:

“Член 106-а

Одмерувањето на висината на глобата за правното лице за прекршоците предвидени од овој закон се врши согласно Законот за прекршоците“.

Член 6

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.



www.pravdiko.mk